20160822260

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 20 став 6 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 154/2015 и 192/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 4 декември 2015 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОСТАВОТ, НАДЛЕЖНОСТА И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува состав, надлежност и начин на работа на лекарските комисии за оценка на привремена спреченост за работа и мислење за остварување на други права од задолжителното здравствено осигурување, како и начин на работа на администраторот на лекарската комисија во Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фонд).

II. СОСТАВ НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ

Член 2

Првостепени и второстепени лекарски комисии, како стручно медицински тела за давање на оценка и мислење во постапката за оценување на привремената спреченост за работа и за остварување на други права од задолжителното здравствено осигурување се формираат за подрачјето на секоја подрачна служба на Фондот.

На подрачјето на град Скопје, во зависност од бројот на осигурениците, односно бројот на предметите, можат да се формираат повеќе првостепени лекарски комисии.

Лекарските комисии работат за потребите на Фондот во рамките на нивните надлежности.

Член 3

Лекарските комисии по правило се формираат од редот на лекарите вработени во здравствените установи како надворешни членови и лекари вработени во Фондот како внатрешни членови од подрачјето на општината, односно градот Скопје.

Лекарите вработени во Фондот се членови на првостепената лекарска комисија на Фондот со право на глас и учествуваат во работата на повеќе првостепени лекарски комисии.

По исклучок, во случај кога нема вработено лекар во подрачната служба на Фондот во истата и во околните подрачни служби, лекарската комисија е составена од три надворешни члена.

Лекарските комисии за оценка на привремената спреченост за работа и за остварување на други права од задолжителното здравствено осигурување се составени од претседател и два члена и нивни заменици.

Работата на лекарските комисии во Подрачната служба Скопје ја организира координатор за работа на лекарските комисии кој е и член на лекарската комисија.

Лекарските комисии се формираат со решение на директорот на Фондот, по предлог на раководителот на Подрачната служба на Фондот.

За правата и обврските кои произлегуваат од решението наведено во став 6 на овој член, лекарските комисии склучуваат Договор за меѓусебни права и обврски со Фондот.

Административните работи на лекарските комисии ги извршува администратор вработен во Фондот.

По исклучок од став 8 од овој член, административните работи на лекарските комисии на Подрачната служба – Скопје ги врши здравствен работник вработен во Здравствен дом Скопје.

III. НАДЛЕЖНОСТ НА АДМИНИСТРАТОРОТ

Член 4

Надлежности на администаторот се:

- да учествува на состаноците на лекарската комисија без право на глас;
- да ја прима и подготвува документацијата која ја разгледува лекарската комисија согласно Упатството за работа на администраторот;
- да ги следи редовно сите измени на Законот за здравственото осигурување, подзаконските акти и упатствата за работа кои се во врска со предметите кои се даваат на разгледување на лекарската комисија;
- да бара дополнителна информација или мислење од раководителот во Подрачната служба или соодветната служба во Фондот;
- да ги внесува административните податоци за осигуреникот во електронската база на податоци која се однесува на работењето на лекарската комисија.

Во случај на отсуство на администаторот раководителот на подрачната служба назначува друго лице како негова замена.

IV. НАДЛЕЖНОСТ НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ

1. Првостепена лекарска комисија

Член 5

Првостепената лекарска комисија дава оценка за привремена спреченост за работа над 15 дена по предлог на избран лекар, и тоа во случај на:

- Болест и повреда надвор од работа;
- Повреда на работа и професионална болест;
- Лекување и медицинско испитување;
- Негување на болно дете до 3-годишна возраст;
- Негување на болен член на потесно семејство над 3-годишна возраст, но најмногу до 30 дена;
- Неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;
- Неопходно придружување на болно дете до 3-годишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;
- Доброволно давање на крв, ткиво или орган;
- Изолација заради спречување на зараза.

Останати надлежности на првостепена лекарска комисија се:

- дава мислење по доставен приговор на осигуреното лице против оценката на избраниот лекар за привремената спреченост за работа;
- дава мислење кога лекарски преглед за осигурениkот ќе побара подрачната служба на Фондот, односно работодавецот;
- ги прибира барањата доставени од работодавецот односно Фондот за преиспитување на оценката на привремена спреченост за работа, по кои постапува Сектор контрола во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
- дава мислење за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување;
- дава мислење за повреда на работа и професионално заболување;
- дава мислење за потребата од ортопедски помагала согласно Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;
- дава мислење за потребата за издавање на двојазичен образец на осигурени лица кои привремено престојуваат (приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна- техничка, научна и културна соработка и сл.) во земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување;
- дава мислење и проценка на итноста од потреба за користење на медицинска итна помош и времетраење на истата, на осигурените лица кои привремено престојуваат (приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна- техничка, научна и културна соработка и сл.) во земји со кои Република Македонија има склучено договор (превземено) Договор за социјално осигурување но истите не ја спровеле постапката за издавање на двојазичен образец или привремено престојуваат во земји со кои Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување кои можат да користат само итна медицинска помош;
- дава мислење за потребата од превоз за враќање на осигуреното лице со санитетско возило во Република Македонија, по завршување на итноста по предлог на странската здравствена установа;
- дава мислење и одлучува за оправданоста на отварање на боледување/ нега на член со иста дијагноза во рок од 30 дена по затварањето на боледувањето;
- дава мислење за оправданоста од потребата за продолжување на боледување од новоизбран лекар.

Член 6

Првостепените лекарски комисии вршат и други работи кои со Законот за здравственото осигурување или со општи акти на Фондот им се дадени во надлежност.

2. Второстепена лекарска комисија

Член 7

Второстепената лекарска комисија одлучува по приговор изјавен против оценката и мислењето на првостепената лекарска комисија.

Доколку второстепената лекарска комисија ја измени оценката и мислењето на првостепената лекарска комисија по изјавен приговор и на осигурениkот му го продолжи периодот на привремена спреченост за работа, при иста или влошена здравствена состојба, во новодадената оценка го опфаќа и периодот за кој е даден приговор. Во овој случај второстепената лекарска комисија одлучува и по секој понатамошен предлог на избраниот лекар за продолжување на привремената спреченост за работа.

Второстепената лекарска комисија ги прибира приговорите доставени од работодавецот, односно Фондот, по извршената контрола за преиспитување на оценката за привремена спреченост за работа и истите ги проследува со сектор контрола на Фондот за постапување.

3. Работа на лекарските комисии

Член 8

Лекарските комисии работат врз основа на:

- Законот за здравственото осигурување;
- Правилникот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата, Критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болести и повреди или потреба за нега на болен член од потесното семејство;
- Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;
- Првилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување;
- Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;
- Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, општите акти на Фондот, како и овој правилник.

Член 9

Седниците на лекарските комисии ги свикува раководителот на подрачната служба, а се одржуваат во просториите на истата.

Лекарските комисии на Подрачната служба Скопје работат секој ден и седниците се одржуваат во просториите на Здравствен дом Скопје, освен петтата првостепената лекарска комисија која работи во просториите на Подрачната служба Скопје.

Член 10

Со работата на лекарската комисија раководи и за нејзината работа е одговорен претседателот/ заменикот на лекарската комисија.

Лекарските комисии работат и одлучуваат во полн состав, а оценката и мислењето го донесуваат со мнозинство на гласови.

Во случај на отсуство на член на лекарската комисија во работата на комисијата учествува заменик член.

Во случај на отсуство на претседателот/ заменикот на лекарската комисија, во работата на лекарската комисија учествуваат останатите членови и заменици членови.

Член 11

Лекарската комисија оценката и мислењето ги даваат врз основа на непосреден лекарски преглед на осигуреникот и врз основа на медицинската и друга документација доставена од избраниот лекар, односно непосредно од осигуреникот.

Ако лекарската комисија смета дека медицинската и друга документација не е доволна за давање оценка и мислење, ќе побара дополнителни медицински иследувања, односно медицинска документација од избраниот лекар, доколку истите не ги обезбеди на друг начин.

Член 12

Против оценката и мислењето на првостепената лекарска комисија осигуреникот има право на приговор во рок од 5 (пет) дена до второстепената лекарска комисија, сметајќи од денот на добивање на оценката на првостепената лекарска комисија.

По исклучок, после истекот на рокот за приговор на оценката со која по дадениот период за спреченост за работа осигуреникот се упатува да се јави на работа, а непосредно пред истекот на овој период осигуреникот сеуште има потреба од спреченост за работа, избраниот лекар издава нов предлог за спреченост за работа до лекарската комисија.

Приговорот од став 1 на овој член се поднесува непосредно до второстепената лекарска комисија, со наведување на причините и околностите поради кои осигуреникот смета дека оценката на првостепената лекарска комисија не е правилна.

Член 13

Оценката и мислењето, лекарските комисии ги даваат на осигуреникот во писмена форма во повеќе примероци за осигуреникот, избраниот лекар и работодавецот.

Во случаите кога лекарската комисија дава оценка и мислење за осигурени лица на држава со која РМ има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување за време на престој во РМ, примерок од оценката и мислењето се доставува и до подрачната служба, заедно со копија од ЕНІС/сетификат или двојазичен образец.

Примерок од оценката за привремена спреченост за работа и мислењето останува во лекарската комисија на Фондот.

Член 14

Во случај на подолго траење на привремената спреченост за работа до 12 месеци, лекарската комисија задолжително го упатува осигуреникот до надлежниот орган за оценување на работната способност, според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Лекарската комисија ќе го упати осигуреникот до надлежниот орган за оценување на работната способност и во рок пократок од рокот утврден во ставот 1 на овој член, доколку од природата на заболувањето односно повредата постојат индиции за трајно губење на работната способност кај осигуреникот. Лекарската комисија води евиденција за осигурените лица кои се на подолго траење на привремена спреченост за работа.

Член 15

Лекарските комисии водат електронски дневник за својата работа.

Во дневникот се внесуваат податоци за осигуреникот, оценката и мислењето за привремена спреченост за работа како и мислењето по останатите права во надлежност на лекарските комисии.

Дневниците за работа се чуваат согласно законските прописи.

Член 16

За организацијата и за ажурноста во работата, лекарските комисии се одговорни пред раководителот на подрачната служба на Фондот.

Член 17

Раководителот, односно лекарските комисии на подрачаната служба за своето работење може да изготвуваат периодични извештаи од електронската база на Фондот за работа на лекарските комисии, со цел анализа на податоци од работењето за потребите на подрачните служби.

Извештаите се креираат и печатат од електронската база на Фондот за работа на лекарските комисии.

Секторот контрола на Фондот врз основа на анализа на податоците добиени од електронска база на податоци изготвува периодични извештаи и годишна информација за ефикасноста на работата на лекарските комисии на Фондот која ја доставува до директорот на Фондот и раководителите на подрачните служби.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисиите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2012 и 140/2012).

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-21571/9
28 декември 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.